

Бр. 59 Цена: 50 ден. јули 2014

ISSN: 1857-6710

# ШТИТ

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

НОВИОТ МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА СВЕЧЕНО ЈА ПРИМИ ДОЛЖНОСТА

## ЧЕСТ, ГОРДОСТ И ГОЛЕМА ОДГОВОРНОСТ

ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ВОЕНИОТ ОРКЕСТАР НА АРМ И ТУРСКИОТ ВОЕН ОРКЕСТАР „МЕХТЕРАН“

## СПОЈ НА УМЕТНОСТА И ВОЈСКАТА

★АРМ - НАТО ★ РАПОРТИРАЊЕ ★ ОРУЖЈЕ ★ ВОЕНА ИСТОРИЈА ★ ИГРИ И СИМУЛАЦИИ ★





# МУЗЕЈОТ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА ДРЖАВНОСТ И НЕЗАВИСНОСТ




Музејот на македонската борба за државност и самостојност претставува документирано, современо и објективно нагледно средство за борбениот код на македонскиот народ, за неговата револуционерна и духовна сила во остварувањето на слободарските и државотворни цели. Со историската автентичност и високите уметнички дострели, овој специјализиран музеј, со коплексната експозиција, упатува три основни пораки до посетителите: дека патот на создавањето на македонската држава траеше век и половина; дека историјата е составена од позитивни и негативни личности кои оставиле свој белег и дека е неопходно национално помирување меѓу Македонците.

Музејот поседува две илјади експонати, меѓу кои 152 восочни фигури, 105 уметнички слики – портрети на познати македонски дејци, револуционери и интелектуалци, масовни сцени на значајни настани од македонското револуционерно минато, како и голем број на дукументи, фотографии, макети, карти, брошури и оружје. Поставката го опфаќа периодот од 17 до 20 век со акцент на 19 и 20 век. Од отворањето до сега, поставката е збогатена со 200 нови експонати.





Во изминатите, речиси три години од неговото отворање на 8 септември 2011 година, музејската поставка ја разгледале над 100 илјади граѓани на Р. Македонија, како и 20 илјади странски туристи од 75 држави од сите континенти, кои престојувале во Скопје. Покрај нив, Музејот во изминатите 3 години го посетиле и 150 странски државни делегаци при нивниот престој во Скопје. Музејот го посетиле околу 20 илјади ученици и студенти од Р. Македонија, за кои се организираат посебни едукативни програми како што е проектот „Музејот – пријател на децата" кој се организира во текот на школската година.



Во рамките на програмските определби за негување на слободарските традиции од нашето историско минато, Музејот го посетија и резервните офицери, активисти на општинските организациони единици (ООЕ на ОРОРМ од Скопје и од Тетово) предводени од претседателот на ОРОРМ проф.д-р Ѓорѓи Малковски.

*Ж. Трајановски*

# Содржина:




Страница 11 — **ИНТЕРВЈУ СО ГУДРУН ШТАЈНАКЕР, АМБАСАДОРКА НА СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Страница 26 — **СИГУРНИ ВО НЕБОТО И ВИСОЧИНИТЕ**
22 ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ВОЗДУХОПЛОВНАТА БРИГАДА

Страница 28 — **„ЛЕТЕН КАМПУС 2014“**
ПИТОМЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ЈА ПОКАЖАА СВОЈАТА СТРУЧНОСТ И ПОДГОТВЕНОСТ

Страница 32 — **„БРЗ ЛАВ 14“**
ПРИПАДНИЦИТЕ НА АРМ ВО БОРБЕНАТА ГРУПА НА ЕУ

Страница 34 — **КОМУНИКАЦИЈА ВО КРИЗИ**
РЕГИОНАЛНИОТ ЦЕНТАР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА ЈА ПРОДОЛЖУВА ЕДУКАЦИЈАТА НА СВОИТЕ ТРЕНЕРИ

Страница 40 — **ВИСОКИ ВОЕНИ ЛИДЕРИ**
ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО УСЛОВИ НА СОВРЕМЕНА ВОЕНА КРИЗА

Страница 48 — **„КОЈ ЌЕ ПУКА ВРЗ ГОЛЕМАТА ТРОЈКА ?“**
ШПИОНОТ КОЈ ГО ЗАТРЕСЕ ТРЕТИОТ РАЈХ

Страница 50 — **ЛЕГЕНДА ЗА СОВЕТСКАТА „ВОСЬМЕРКА“**
ИСТОРИЈА НА ПРВАТА И ВТОРАТА ГЕНЕРАЦИЈА ХЕЛИКОПТЕРИ „МИ-8“





Страница 16





Страница 18





Страница 23



**ШТИТ - Година VI, број 59, јули, 2014 година, излегува еднаш месечно**
**ИЗДАВАЧ - МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ**
Емил Димитриев (претседател)
Генерал-потполковник Насер Сејдини, Блерим Укали, полковник Мирче Ѓоргоски, д-р Жанет Ристоска, полковник Мери Ринџова, проф. д-р Ѓорѓи Малковски

**ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК**
д-р Жанет Ристоска

**РЕДАКЦИЈА**
Билјана Иванова (технички, ликовно-графички уредник),
Митко Василевски (новинар), Кристина Илиевска (новинар),
Ксенија Митева-Котеска (лектор); Александар Атанасов (фотографии)

**Печати: „КОСТА АБРАШ“ – Охрид**

**АДРЕСА НА РЕДАКЦИЈАТА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА - СПИСАНИЕ „ШТИТ“
ул. „Орце Николов“ 116, 1000 Скопје
Телефони: 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk

ЦЕНАТА НА ЕДЕН ПРИМЕРОК Е 50 ДЕНАРИ
ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА 600 ДЕНАРИ

жиро с-ка 05001001 1678720
(повикување на број: 725939-10)
даночен број: 4030990271748
ТС 100000000063095


## НОВ ЕЛАН

Претседателските и парламентарните избори во Република Македонија уште еднаш покажаа кој има најмногу доверба кај народот. Мирно, демократски и со висок процент на излезност, македонскиот народ повторно се определи за веќе етаблираните и докажани политичари. Новата Влада која се формираше кон крајот на месец јуни беше мошне малку поинаква во својот состав од претходната. И претседателот го доби својот втор мандат и поддршката на народот...

Во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија во текот на месец јуни активностите се одиваа со вообичаениот ритам и определените насоки. Воздухопловната бригада го прослави Денот на единицата, достоинствено и свечено. Се рапортираше за постигнатото и за плановите за периодот кој претстои.

„Летниот кампус 2014“ се одвиваше беспрекорно по сите предвидени сценарија.

Припадниците на Четата за заштита на силите ЕУБГ 2014-2 успешно нè претставија во рамките на ЕУ-борбената група на вежбата „Брз лав“, која се одржа во Белгија кон крајот на месец јуни.

Медиа-тренерите од Регионалниот центар за односи со јавноста во Осло ги добија потребните сертификати за медиа-тренинг за кризна комуникација.

**Пристигна нов министер за одбрана!**

Од формирањето на Министерството за одбрана на Република Македонија, како еден од носечките субјекти на системот за одбрана на државата, се сменија повеќе министри за одбрана. Го паметиме првиот министер за одбрана, проф. д-р Трајан Гоцевски, како човек кој се нафати, со минимално вооружување и опрема да започне да создава македонска армија... Секој нов министер за одбрана остана запаметен по некоја своја посебна доблест, залагање или, пак, можеби и некој пропуст и лоша процена...

Новиот министер за одбрана, д-р Зоран Јолевски, застана на чело на Министерството за одбрана со нескриена гордост што токму нему му е доделена оваа функција... На примопредавањето на должноста министер за одбрана, пред платото на Министерството за одбрана, сите го почувствувавме еланот со кој овој прекален дипломат и експерт од областа на економијата се обврза дека посветено ќе работи на приближувањето на Република Македонија кон НАТО и ЕУ, дека со сите свои потенцијали и искуство ќе се залага за влез на Република Македонија во НАТО, ќе работи посветено на реформите во АРМ и МО во духот на концептот за „Паметна одбрана“ на НАТО, но и ќе се заложи да ја подобри состојбата на припадниците на АРМ, ќе ги искористи најдобрите човечки ресурси во Министерството...

Ветровите на промените донесоа навистина нов елан во МО и АРМ. Му честитаме на новиот министер за одбрана на Република Македонија и се надеваме дека д-р Зоран Јолевски професионално и успешно ќе ги оствари сите преземени обврски и задачи.

*д-р Жанет Ристоска*



# РЕЗЕРВНИОТ СОСТАВ НА АРМ

## ПОДДРШКА НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Соочувањето на секое современо општество со голем број закани, кои во поголема или помала мерка ја загрозуваат безбедноста на државата, има влијание на нормалното функционирање како на поединецот во државата така и на државните институции и органи. Рефлексот на таквата состојба е организирање на безбедносен систем кој има единствена цел, да овозможи непречено остварување на функциите на државата. Суштинската природа на безбедносниот систем сама по себе прејудицира дека не е и не треба да биде творба на волјата на поединци, групи и политички субјекти. Потребата за опстојување на државата е апсолутна, а безбедносниот систем е во функција, во прв ред, на заштита на општеството од секаков вид загрозувања. Специфичноста на организирањето на безбедносната функција е изразена преку улогата на многу субјекти во општеството. Тоа подразбира дека и структурата на безбедносниот систем се состои од севкупноста на општествените субјекти кои се јавуваат како елементи на системот. Нивните определени функции во безбедноста се насочени кон обезбедување и одржување на безбедноста во општеството во целина, што е резултат на специфичноста на индивидуалноста на државата. Безбедноста го условува општествениот развој, а овој интеракциски однос укажува на нераскинлива меѓусебна поврзаност. Ваквата поврзаност недвосмислено ги става безбедносните прашања на прво место во агендата на државата.

Ефикасноста на секој безбедносен систем зависи од: политичката, економската, социјалната, културната и други сфери на општественото живеење. Одбраната од надворешни закани останува централен проблем на националната безбедност. Но, практиката недвосмислено потврдува дека државата може да биде загрозена со внатрешни потреси, економски и општествени нарушувања, особено во заедници во кои недостасува чувство за идентитет и социјална кохезија. Местото и улогата на резервниот состав во безбедносниот систем се гледа во меѓусебниот интеракциски однос, при што се дефинира и се утврдува неговата улога, која, пак, го предодредува и го означува неговото место. Резервниот состав со сите свои специфики и карактеристики има улога на сврзувачко ткиво, кое ги опфаќа сите сегменти на едно современо општество. Подредувајќи ги чинителите на одбраната по функција, ја детерминира кохезијата на безбедносниот систем, произлезена од синтезата на меѓусебните односи.

**Слика 1. РЕЗЕРВНИОТ СОСТАВ НИЗ АСПЕКТИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СИСТЕМ**




Резервниот состав, разгледан низ аспекти на безбедноста, дава претстава за неговото место во функција на поддршка на безбедносниот систем. Во однос на научната организација на безбедноста, во литературата се сретнуваат неколку аспекти во разгледувањето на овој феномен, и тоа од: ***функционален, структурен и институционален аспект***.

***Функционалниот аспект*** во однос на поимот организација на безбедноста посочува на одреден процес во кој се подредуваат деловите од системот за функционирањето на самиот систем како една целина. Ова значи дека основните задачи и дејноста на организацијата се добро осмислени, а за остварување на истите, во функција се ставаат сите потребни човечки и материјални ресурси, во насока на остварување на поставените цели на безбедносниот систем.

Произлегува дека во тесна корелација со функционалниот аспект е и моделот на ре-

зервниот состав од причинско-последичните односи на процесот мобилизација, процес преку кој се врши подредување на модуларната структура на резервниот состав. Формирањето на функционалната структура од субјектите на одбраната обезбедува функционирање на целокупниот систем како една организирана целина.

***Структурниот аспект*** се однесува на структурните елементи на организацијата, односите кои се јавуваат меѓу елементите, нивната меѓусебна зависност, начинот на остварување на потребната соработка и реализација на целите, подреденоста-надреденоста на елементите итн. Тоа значи дека организацијата на некоја безбедносна институција ја отсликува нејзината реалност преку прикажување на определената внатрешна поставеност на елементите на таа институција, нивната подреденост и надреденост, кохезивноста на елементите и начинот на кој се остварува основната функција на самиот систем. Основниот постулат за функционалност произлегува од структурната поставеност на резервниот состав. Меѓусебната зависност на модулите, но истовремено и нивната самостојност, како и на нивните елементи, е изградена на кохезивна врска во рамки на хиерархиска поставеност со јасно определена состојба на подредени и надредени елементи, односно модули.

***Институционалниот аспект*** на организација на безбедноста претставува систем во кој се остваруваат различни односи и влијанија на одделните елементи во организациската структура, со цел преку обезбедување на исполнување на општите цели да се реализираат и посебните цели на организацијата.

Резервниот состав во поддршка на безбедносниот систем нужно остварува различни односи во општеството, влијае, но е и под влијание на севкупните општествени промени. Влијанието на општествените промени на организациската структура се рефлектира и во спротивна насока, со што се создава меѓусебен, облигациски однос.

Во согласност со Стратегијата за одбрана, во одбраната и заштитата на територијалниот интегритет и независноста, Република Македонија ќе ги ангажира сите капацитети на системот за одбрана, од што произлегува дека примарна мисија на АРМ е одбрана на независноста, територијалниот интегритет и суверенитет, унитарниот карактер на државата и заштита на населението од надворешни закани. Стратегиската определба буквално го определува местото и улогата на резервниот состав на Армијата преку примарната мисија. Вклучувањето во одбраната на сите субјекти перцептилно ја одразува хомогеноста на општеството, искажана преку резервниот состав. Интегрираните компатибилни елементи на резервни сили, несомнено даваат одговор на задолжителната потреба и големата важност на резервниот состав во системот на одбраната во моментот, но создаваат и проекција на воена сила за справување со предизвиците во иднина.

Интеракцискиот однос на општественото влијание врз субјектите на одбраната несомнено наметнува неодложна потреба од системско компатибилно решение кое ја обезбедува и ја дефинира улогата и важноста на резервниот состав. Едновременото дефинирање на моделот на резервни сили со свои конститутивни елементи придонесува за јасно и недвосмисленото дефинирање на заслуженото место и улога на резервниот состав во безбедносниот систем на Република Македонија.

Непроценливиот „капитал“ на човечките ресурси сублимиран во искуства, вештини и способности поставува рамка на вредности со параметарска функција. Обединувањето на таквиот „капитал“ во резервни сили создава енормен потенцијал на вредности кој структуиран во дефинирана хиерархиска организација претставува непресушен извор на способности и вредности. Глобалните промени во сите општествени сфери наметнаа поинаков пристап при перцепцијата на безбедноста како клучен фактор за опстанок на државата. Сознанието дека вооружените напади однадвор не се најголемите закани и опасности по националната безбедност, туку економските, социјалните, еколошките, образовните, здравствените и други проблеми отвори нови хоризонти за холистичкото сфаќање на безбедноста, а со тоа и на потребите и способностите на безбедносниот систем. Во таа смисла, националната безбедност повеќе не се поистоветува со т.н. надворешна безбедност на земјата.

Во контекст на изнесеното е и фактот дека, додека многу држави водеа трка за вооружување и се подготвуваа да водат одбранбена војна однадвор, истите се урнаа однатре. Заклучокот е дека најголемите закани за националната безбедност всушност се етничкиот и верскиот национализам, политичките превирања, организираниот криминал, техничко-технолошки опасности, природни катастрофи, неединство и судири на општествени групи, економски и социјални противречности и кризи, кои често прераснуваат и во вооружени конфликти. Резултат на тоа се граѓанските војни, граѓанските револуции, насилните промени на политичката власт и распад на државите. Аргументација на изнесеното е сведоштвото на развојот на настаните во Советскиот Сојуз, во Чехословачка, во Романија, во Албанија, „втора и трета“ Југославија, Србија и други земји. Потребата од поинакво сфаќање на безбедноста доведе до поинаква поделба на државниот безбедносен сектор (субјекти и институции кои ги формира државата) и недржавен безбедносен сектор (субјекти и институции на недржавни актери). Конституиран резервен состав во резервни сили со препознатливи димензии и организација, всушност ги обединува безбедносните сектори во одбранбена сила што води кон прецизирање на задачите на поединечните субјекти-учесници во одбраната, а со тоа и во безбедноста на државата.

Обединувачката општествена функција на резервниот состав на Армијата претставува столб на развојот на одбранбените капацитети и база на потребните способности за одговор на тенденциите на загрозување на мирот и стабилноста на Републиката. Стратегиската определба на Република Македонија генерално ги дефинира местото и улогата на резервниот состав на Армијата во безбедносниот систем на Република Македонија: Одбраната на Република Македонија се организира како систем за одбрана и заштита на територијалниот интегритет и независноста на Републиката. Системот за одбрана е клучен инструмент за заштита и промоција на трајните, виталните и важните интереси на Република Македонија. Одбраната ја остваруваат граѓаните и органите на државната власт – Претседателот, Собранието и Владата на Република Македонија, МО и АРМ.

Трговските друштва, јавните претпријатија, установите, службите и единиците на локална самоуправа може да извршуваат задачи од областа на одбраната. Одбраната може да се остварува и преку соработка со колективните системи за безбедност и одбрана во кои пристапила Република Македонија. Јасно е укажано на потреба од дефинирана, институционализирана и плански процесуирана обединетост на расположивите капацитети за заштита и промоција на трајните вредности, виталните и важни интереси, вклучувајќи ги сите релевантни субјекти во општеството. Тоа укажува дека единствена обединувачка форма за овие потреби ја даваат резервните сили.



*Д-р Методија Дојчиновски*
*М-р Ивица Даневски*